Вовед........................................................................................................................ 2
Предмет на истражување.................................................................................... 4
Методи на истражување...................................................................................... 5

Глава I

**Дефинирање на педофилија**

1. Педофилијата и нејзиното феноменолошко определување........................................ 6
2. Карактеристики на педофилијата и педофилот............................................................ 7
3. Видови педофили......................................................................................................... 9
4. Поим за етиологија на педофилијата......................................................................... 11
5. Причини за педофилијата........................................................................................... 16

Глава II

**Педофилијата во Република Северна Македонија**

1. Инкриминираност на педофилијата во казненото законодавство............................. 20
2. Медицинско-фармаколошко лекување
    1. Поим................................................................................................. 29
    2. Оправдување на мерката................................................................. 31
    3. Услови за изрекување...................................................................... 32
    4. Извршување..................................................................................... 34
3. Посебен Регистар за осудени лица............................................................................. 35
4. Случаи на Педофилија во Основен суд Тетово............................................................ 38

Глава III

**Педофилијата во земјите на Common Law**

1. Педофилијата во САД................................................................................................... 40
2. Педофилијата во Велика Британија.............................................................................. 44
3. Педофилијата во Нов Зеланд........................................................................................ 50
4. Педофилијата во Канада............................................................................................... 51
5. Педофилијата во Италија.............................................................................................. 53

Глава IV

**Педофилијата во земјите на Континенталното право**

1. Педофилијата во Хрватска........................................................................................... 55
2. Педофилијата во Холандија.......................................................................................... 61
3. Педофилијата во Германија.......................................................................................... 62
4. Педофилијата во Франција........................................................................................... 63

Заклучок...................................................................................................................... 66
Библиографија............................................................................................................. 68

# Вовед, Предмет и Методи на истражување

## 1.Вовед

Кога би се зборувало за криминалните активности, поведенија и општо за криминалитетот како и за асоцијалните поведенија и однесувања сето тоа бесчуствително не води кон и ни дава негативна перцепција за се поголемите, пософистицирани, позастапени девијантни поведенија кои што за жал во денешницата добиваат се поголем порив, и тоа најмногу спрема најмладата, најчуствителна „најкревка" популација. Во Република Северна Македонија изминатиот период се повеќе се евидентни случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија.

Како една од негативните криминални појави која што постоела, постои и се провлекува низ историјата, и завзема најголеми размери, а во која што појава како жртва се јавува најмладата популација е педофилијата.

Сите податоци и инфоии коишто секојдневно ги слушаме од медиумите, за жал ни говорат на се поголемата зачестеност на оваа појава во која што детето е жртва на педофилијата, а уште што би било најтрагично сето тоа се врши на свиреп, груб, насилен начин и дури и на најмладите. Педофилијата претставува проблем на денешнината, а сето тоа со тренд и динамика на поголемо распростанување, и тренд на нагорна линија на педофилијата и нејзините последици.

Овој вид на криминална појава остава силни психо-физички пореметувања кај жртвата, притоа рушејќи го текот на здрав, емоционален и сексуален развој на детето. Со определувањето на феноменолошките и етиолошките карактеристики на оваа негативна појава се добиваат и ги осознаваме најсуштествените сознанија за неа, притоа добивајќи една слика за тоа на кој начин би се решил овој проблем.

Со помош на феноменологијата би се овозможило што поблиску да ја определиме истата, да ја утврдиме нејзината поврзаност со другите појави и особеност. Би се добила сликата за педофилот, како и слика за личноста на жртвата, но и би ни овозможило да добиеме сознанија за причините за појава на педофилијата, но со тоа и за соодветните механизми за превенција и амортизација на оваа проблематика.

Без овие сознанија и податоците за развитокот и причините за оваа појава не би можело да се продолжи со проучување и поставување на основните тези, решенија, не би можела да се определи нејзината распространетост, видовите на педофили и трендовите за истата.

Понатаму како составен дел од овој магистерски труд би ја образложил и етиологијата на педофилијата, проследено со причините и факторите кои влијаат на оваа појава.

Етиологијата всушност ни ги објаснува причините и факторите поради кои што доаѓа до појава на педофилијата, која што е најкруцијален сегмент во определувањето на истата и без која што не би можеле истата да ја дефинираме, образложиме, проучиме и на крајот да ги отстраниме тие причини. Со самото тоа што би ги осознале причините би ја добиле и дијагнозата на проблемот, а следствено со тоа и можност за соодветна постапка и пребродување.

Од етиолошка гледна точка се проучуваат најразлични фактори и многубројни сегменти, како што се општеството, психо-физичките својства на напаѓачот, и на жртвата, како и други биолошки својства на личноста и на тоа својствените ризик фактори. Во понатамошната елаборација би ги објаснил и сите поединечни фактори кои што влијаат врз појавата на педофилијата, како што се семејството, општеството, мас-медиумите и др. Всушност проучувајќи ја педофилијата доколку не се познаваат основните статистички податоци и карактеристики, би било тешко да се стигне до причинителите, кои што пак би ни овозможиле осознавање на тоа што статистиката ни кажува и како доаѓа до определени движења. Понатаму поподробно би ја објаснил поврзаноста на педофилијата со останатите престапнички поведенија, нивната инкриминираност во нашето Казнено Законодавство, проследено со соодветните сакнции за истите, но и со компаративен осврт за тоа како оваа социопатолошка појава е инкриминирана во законодавстватаи кои санкции се пропишани во државите кои припаѓаат во Common Low односно во САД, Велика Британија, Нов Зеланд, Канада и Италија како и во земјите на Континенталното право односно во Хрватска, Холандија, Германија и Франција.

## 2. Предмет на истражување

Во однос на определувањето на предметот на истражување на оваа криминолошка појава, односно за оваа теза е од голема важност за определување на значењето на оваа појава. Како што ни укажува самиот наслов на оваа појава предмет на обработка се етиологијата и феноменологијата како важни елементи, карактеристики на истата.

Со понатамошната елаборација би ги претставил пропратните карактеристики на педофилијата, како што се видовите на педофили, појавите слични на неа, потоа би дал конкретни примери за педофилијата во Република Северна Македонија, како и со осврт за земјите кои припаѓаат на Common Law и Континенталното право со соодветен пример и како истите таму се санкционираат, потоа за факторите кои влијаат за појава и зголемување на оваа негативна социопатолошка појава, како и за инкриминираноста во нашето законодавство со пропратние нејзини санкции.

## 3. Методи на истражување

Теориската анализа на овој труд ќе се заснова на стручна литература од обласна на Социјалната патологија, Криминологија, Психологија и друга литература во која е застапена оваа Социопатолошка појава, потоа од стручните анализи на експертите кои што со своите дела давале определен придонес во оваа област, и која би била од големо значење за изработка на овој труд. Од друга страна пак Казнениот Закон на Република Северна Македонија и останатите закони на други земји со кои што би направил компаративен преглед и правните решенија содржани во нив, би биле правен основ врз кој што ќе се заснова овој магистерски труд.

Исто така како основни методи кои што се користат во повеќето социопатолошки и криминолошки теми се метод на анализа, статистичкиот и компаративниот метод. Во оваа теза сите податоци кои што се прикажани се превземани од официјални истражувачки центри, попатно користена литература од странски и домашни автори, за различни гледишта од феноменолошки и етиолошки карактер, за различни тековни години.

Со оваа „златна мешавина“ на постапки и методи на проучување целосно и комплетно е простудирана темата, која што понатаму би ни ги претставила сите претходно образложени и претставени моменти.

# Глава I

# Дефинирање на педофилија

## 1. Педофилијата и нејзиното феноменолошко определување

Еден од битните елементи на проучувањето на педофилијата претставува определување на феноменологијата на оваа социопатолошка појава, а со цел за добивање на појасна слика за оваа анализа би било потребно и поконкретно определување на поимот на феноменологијата и неговото значење во определување на педофилијата.

Имено феноменологијата преставува област, дел или инструмент на науката, пред се изразена и употребувана во криминолошките и социопатолошките научни објаснувања, која се занимава со „појавните облици, конкретните и општите манифестации на појавата во општествената реалност со обемот, динамиката и структурата и структуралните промени, со распространетоста на појавата и нејзините карактеристики што се израз на времето и просторот со квалитативни и квантитативни карактеристики, што произлегуваат од индивидуалниот и општествен карактер на појавата, со сите штетни последици, а со цел да се стекнат сознанија за објаснување на нејзината етиологија“[1].

[1] Арнаудовски, проф.д-р Љупчо, Криминологија, 2-ри Август С – Штип, Скопје 2007, стр.244

## 2. Карактеристики на педофилијата и педофилот

Карактеристиките на педофилот и педофилијата како социопатолошка појава ни ја прикажуваат сликата на педофилот, поточно каква личност е, од какво семејство потекнува, какво образование има, од какви слоеви потекнува, потоа од која верска припадност е истиот и др.

Објаснувајќи го значењето на оваа поточка патем не насочува кон личноста на злосторникот (педофилот). Според определени исражувања до кои дојдов за време на изработката на оваа тема, укажуваат на тоа дека лицата(педофилите) кои сексуално злоупотребувале деца потекнуваат од различни социо-економски слоеви и се со различно расно и етничко потекло. Личните карактеристики на сексуалните злосторници се важни и влијаат врз состојбата и факторите кои мотивираат сексуално однесување со деца.

Реалност е тоа дека секој сексуален злосторник е единствена и засебна индивидуа, а патем различна од другите по својата психолошка и семејна динамика и обилиците на напад врз децата. Како што наведов погоре педофилите се наоѓаат во секоја социо-економска класа, и можат да бидат со просечна, потпросечна и натпросечна интелегенција, но за жал во најголем број случаи тие ја познаваат својата жртва, а неретко тие за жртвата претставуваат личност од доверба. Педофилите исто така претставуваат “жртви“ на својата биологија и на мозочна конструкција која не им дозволува да го контролираат сексуалниот нагон насочен кон умствено, телесно и сексуално незрела единка. Тие не се способни да почуствуваат сексуална привлечност кон возрасна единка, а истовремено не можат да сфатат дека едно дете не е способно да го сфати значењето на сексуалниот чин и не може да одлучува за своите постапки.

Ограничувањето да не злоставуваат деца, тие го сфаќаат како општеството да им забранило да имаат секс, бидејќи повеќето и не се способни да почуствуваат еротска привлечност кон возрасни. Лицата со педофилична конституција на мозокот и психата се повратници во вршењето на своите злосторства, па затоа оправдана е тенденцијата која што е насочена кон тоа да овие лица се изолираат од општеството за долги периоди (многугодишен или доживотен затвор).

Некои биолошки истражувања по 2002 година, покажуваат дека педофилите имаат различна мозочна структура: помало количество бела маса, намалена активност на хипоталамусот, помал коефициент на интелегенција и помали општи способности, кои ги тераат да се чуствуваат помалку вредни пред своите врсници. Друга карактеристика за педофилите е таа дека им се заканувaат на жртвите за да самите злосторници не бидат откриени, потоа со лажни симпатии глумат пред децата во намера да ја добијат нивната самодоверба.

Исто така повратништвото меѓу овие злосторници е огромно. Секој педофил има и неколку заеднички елементи:

- Постојана сексуална привлечност кон деца (постојано искушение да се напасти дете)
- Поголемиот дел од сексуалниот нагон е насочен кон деца отколку кон возрасни
- Извршувањето на делото најчесто вклучува допирање по интимните делови на детето или обратно, како и активности кои ненормално ја зголемуваат сексуалната возбуденост на напаствувачот, а во помал дел и пенетрација.

Од психолошки аспект пак педофилите имаат ниско мислење за себе, слаби социјални вештини, агресивни се кон самите себе, се самообвинуваат за својата неспособност, покажуваат зголемена социопатија и когнитивна дисторзија, а според некои истражувања покажуваат и зголемена психотичност, невротичност и интровертност.

## 3.Видови педофили

Во науката рестриктивно се среќаваме со поделби во однос на класификацијата и типолошката определба на педофилите, имајќи во предвид дека педофилијата како социопатолошка појава е малку опфатена во научните анализи.

Токму поради таквата ситуација се определив на поделбата која ја дава Groth во неговите трудови, која е најшироко прифатена низ научните кулоари и истата ја презентирам и коментирам во содржината што следува.

Во овој дел од овој труд би ја престставил следнава класификација на сексуалните злосторници на деца кои што ги дели на: **постојани** (фиксирани), и **повратни** (регресивни), и **адолесценти-сексуални злоставувачи**.

Според оваа типологија постојаните злоставувачи не созреале психосексуално до точка до која може да се поврзат сексуално со партнери соодветни на нивната возраст. Истите сексуално ги преферираат децата и честопати на нив се гледа како на лица кои емоционално функционираат на ниво на деца.

Повратните злоставувачи на деца или пак регресивните психосексуално се развиле до нормално ниво на возрасни лица и сексуално ги преферираат возрасните. Тие се навраќаат на сексуално приврзување кон деца кога се неспособни да се прилагодат на некои стресни ситуации и околности, и на нив се гледа повеќе како на „ситуациони злоставувачи“.

Во однос на оваа типологија би можело да се каже дека постојат определени конзистентности кои што се однесуваат на следново:

1. постојаните злоставувачи повеќе сексуално се инволвираат со странци и случајни познаници
2. постојаните злоставувачи не се ценети
3. постојаните злоставувачу преферираат машки деца
4. кај фиксираните злоставувачи постои повисок степен на рецидивизам

Кога би се зборувало пак за адолесцентните сексуални злоставувачи како засебна група, би напоменал дека почнувајќи од седумдесетите години (1970), социјалниот одговор на агресивното сексуално поведение на адолесцентите често

вклучувал минимизација на сериозноста на овие дела. Таквата насока или пак клима на негација била производ на многу фактори како што се: срамот и стравот на жртвите, кое што придонесувало за поретко пријавување на ваквите случаи, неспремноста и немотивираноста на злосторниците за прифаќање на третман, дефицит на базични познавања од оваа област на релевантните сервиси (социјални служби, психолошки и психијатриски служби). Овој протективен став бил манифестиран на различни нивоа, почнувајќи од оние задолжени за третман, кои овие дела ги поистоветувале со адолесцентен експеримент, потоа полициските служби кои ваквото поведение го интерпретирале како изолирани случки кои не би требало да се повторуваат, се до судските расправи и одлуки за поблаги казни на сексуалните злосторници.

Исто така постојат и „ексклузивни„ и “не-ексклузивни“ злоставувачи во дијагнозите на педофилијата. Првиот вид ексклузивниот покажува исклучителна преференца за сексуална активност со деца, а додека не-ексклузивниот вид покажува сексуална преференца за возрасни.

Во понатамошната елаборација би претставил следниве групи на податоци кои што истражувања укажуваат на важноста од соодветен одговор на потребите на оваа група на луѓе:

- “Студиите на адулти-сексуални злоставувачи иницираат дека првите злоставувања се појавуваат уште во многу рана возраст, уште на 8-9 годишна возраст на злосторниците(Groth, Longo & Mc Faden,1982), а додека пак друго истражување укажува дека дури 55% од сите адулти-сексуални злоставувачи почнуваат со злоупотреба во адолесценцијата(Abel,1984).“[2]
- “Според Abel (1984) од просечниот адолесцентен-сексуален злоставувач може да се очекува дека за време на својот живот да оштети 380 жртви, при што стапката на пораст на бројката на жртви на злоипотребата од адолесценцијата кон адултниот период е 55 пати.“[3]

---

[2] Новотни,Проф Д-р Антонио Форензичко-психијатриска и психолошка проценка на сексуалните злосторници на деца, стр 25

[3] Новотни,Проф Д-р Антонио Форензичко-психијатриска и психолошка проценка на сексуалните злосторници на деца, стр 26

## 4.Поим за етиологија на педофилијата

“Во филозофска смисла поимот етиологија го означува научното сознание за причините и последиците на појавите во природата и општеството, односно логичко научно објаснување и докажување на причините поради кои настануваат појавите во објективниот свет.“ [4]

“Етимолошкото значење потекнува од од грчкиот збор “aitiologia“ и “aitia“-причина и “logia“-наука.“[5]

Најчести сексуални напади врз деца се Exhibicionism-ot,Pedophilia-ta,и Voyeurism-ot.

Зборот педофилија потекнува од хеленските педос (дете) и филиос (пријателство), поради што и самиот збор не е доволно опишувачки, па според мене би требало да се земе за користење поисправниот “педоманија“ што би значело “ненормален интерес за деца“. Всушност зборот не е синоним за педерастија, која опфаќала само сексуален контакт меѓу возрасен маж и адолесцент најчесто меѓу 14 и 18 години (заради тогаш неприфатливи причини).

Додека педерастијата била исклучиво хомосексуален чин кој вклучувал постари малолетници, педофилијата може да биде хетеро, би и хомосексуална и секогаш опфаќа деца помали од 14 години.

„Педофилијата наједноставно кажано е состојба каде возрасен човек чувствува сексуална привлечност кон деца. “[6]

Додека од „психодијагностичка перспектива, педофилијата се однесува на повторливи, интензивни, сексуални нагони и фантазии или однесувања кои ги вклучуваат децата. “[7] Кога би ја разгледувале педофилијата од дијагностичка и статистичка гледна точка истата претставува “психичко растројство “.

Дијагностичките критериуми за педофилијата се следниве:

---

[4] Арнаудовски,Проф Д-р Љупчо,Криминологија 2-ри Август,Штип,стр.525

[5] Metcalf,Jonathan,главен уредник,Илустриран речник на англиски јазик Оксфорд,стр.26

[6] Freund, K , &Blanchard, R,Phalometric diagnosis of pedofilia.Journal of Consulting and Clinical Psychology , .(1989) , 57, 100-105

[7] Kelly & Lusk, 1992

- Во период од најмалку шест месеци, повторливи, интензивни, сексуални фантазии, сексуални нагони, или однесувања кои вклучуваат сексуална
- активност со пред-пубертетско дете или деца на возраст од 13 години или помалку.
- Фантазиите, сексуалните нагони или однесување предизвикуваат клиничко растројство или неспособност за функционирање во социјалните, професионалните или други области.
- Личноста е најмалку 16 години и најмалку 5 години постара од детето или децата.

Во конкретен случај кога би се определувало дали станува збор за педофилија треба да се определи дали злосторникот го привлекуваат машки деца, женски деца или обата пола. Оние кои што биваат сексуално возбудени од женски деца обично избираат девојчиња од 8 до 10 годишна возраст, додека оние кои доживуваат сексуална возбуда од машки деца обично напаѓаат постари момченца. Почесто е педофилното однесување со девојчиња како жртви. Исто така потребно е и да се определи дали злосторникот доживува сексуална возбуда само со деца (ексклузивен тип), или пак може сексуално да се возбуди и од возрасна индивидуа (не-ексклузивен тип).

Педофилните индивидуи можат можат да го лимитираат своето напаѓачко поведение односно да ги абрегираат своите сексуални присили само низ соблекување и гледање на детето, покажување себеси или мастурбирање пред детето, или нежно милување и допирање на истото.

Додека други пак изведуваат врз детето fellatio или cunnilingus или пак пенетрираат во дететовата вагина, уста или анус, со нивните прсти, страни тела или пенис употребувајќи притоа различен степен на сила и присила.

Овие активности на детето му биваат објаснети во тој смисол дека тие имаат „едукативна вредност“ за него, дека му пружаат “сексуално задоволство“ на детето, дека тоа ги предизвикало со тоа што е многу “сексуално провокативно“, кои што активности злосторниците ги починуваат на своите деца.

Некои од нив пак се служат со закани, некои пак располагаат со разработен систем на приоѓање, задобивање на довербата на децата и манипулација на истите. Педофилното однесување најчесто започнува во адолесценцијата, а фреквентноста на злосторства флуктуира и е често зависна од психосоцијалниот стрес на кој е изложена личноста на злосторникот. Вообичаено се работи за хроничен (па и доживотен) тек на ваквото однесување, а рецидивизмот е висок, особено кај индивидуи кои избираат машки жртви.

Многу од овие злосторници наведуваат дека ваквото однесување не ги вознемирува и дека единствен проблем кој им предизвикува социјална дисфункционалност им се реакциите на потесниот и поширокиот социум и консеквенците кои ги трпат поради ваквото однесување. Други пак реферираат висок степен на чуство на вина, срам и депресија кога ќе се соочат со своето неприфатливо сексуално поведение и ја потврдуваат социјалната неприфатливост и неморалност на актите. Исто така кај дел од сексуалните злосторници може да се сретнат и симптоми на депресија.

Од медицинска гледна точка во Меѓународната класификација на болести „МКБ 10 (ICD 10) “[8], педофилијата бива класифицирана под точка F65.4 а истата е дефинирана како растројство во сексуална преференца каде што сексуален објект се деца, обично од предпубертетска или рана пубертетска возраст (помлади од 13 години). Некои педофили како што објаснив погоре ги привлекуваат девојчиња, други машки деца, а некои се заинтересирани и за двата пола, а некои пак се задоволуваат и со набљудување, покажување на сопственото тело пред децата, самозадоволување пред нив и слично.

Педофилијата ретко се сретнува кај жените. Најчесто растројството почнува во адолесценцијата, но постои можност педофилот да го задржи возрасниот сексуален партнер како приоритетен избор, а децата да ги има за супститутивна желба. Се случува педофилите за своите сексуални цели да ги користат и сопствените предпубертетски деца и повремено да приоѓаат на други деца.

[8] World Health Organization, *International Statistical Classification of Diseases and Related Health Problems: ICD-10*

Текот на растројството е хроничен, посебно кај оние кои се возбудуваат од машки деца.

„Истражувањата кои се обидуваат да ја објаснат педофилијата и/или нејзината етиологија имаат за цел да обезбедат објективно разбирање на причините и патогенетскиот процес вклучен во растројството“[9]

“Честопати откривањето на етиолошките фактори или објаснувањето на педофилијата зависи од теоретската ориентација. “[10]

“Еден пристап кон проучување на етиологијата е да се гледа на ова растројство како комплеска психолошка состојба, и истата може да се претстави како објаснување на еден од четирите фактори:

**а)** емоционално совпаѓање,

**б)** сексуални возбуди за деца,

**в)** блокада,

**г)** дезинхибиција.[11]

Факторот за „емоционално совпаѓање“ се смета за една од најпопуларните теории на педофилијата, кои што ги потенцираат психоемоционалните аспекти и предлагаат објаснување на истата со совпаѓање меѓу емоционалните потреби на возрасниот и емоционалните карактеристики на детето.

Поддршката за овие теории е честопати не-емпириско проучување на случајот, затоа што вклучува субјективни проценки и интерпретации од авторите засновани врз нивните теоретски предрасуди.

Факторот пак кој се однесува на „сексуалната возбуда на деца“ опфаќа теории кои имаат за цел специфично да ја објаснат психолошката и сексуалната наклоност кон децата. Овие теории воедно се фокусираат на теоријата на учење и на биолошките фактори на педофилијата.

[9] Kelly& Lask 1992
[10] Holmes 1983
[11] Finkelhor, David; Sharon Araji (1986). *A Sourcebook on Child Sexual Abuse: Sourcebook on Child Sexual Abuse*. Sage Publications. p. 90.

„Повеќето од студиите кои се фокусираат на оваа теорија, како на објаснување за педофилијата, се засноваат врз откритијата дека честопати постои историја на сексуално злоупотребување во детството на педофилите. “ [12]

Овие истражувања и нивните резултати укажуваат дека педофилите се учат на педофилното однесување со тоа што и самите биле жртви на сексуална злоупотреба како деца. Факторот на сексуална возбуда вклучува неколку етиолошки теории кои се фокусираат на биолошките фактори како основен причинител на педофилијата.

Друг фактор пак вклучува теории кои ја истражуваат „блокадата„. Таа се однесува на појавата на педофилија кај лица кои не можат или се блокирани во нивната способност да остварат емоционални и сексуални потреби кои се среќаваат во врските на возрасните. “Овие теории се често психодинамички по природа, и ја нагласуваат Едипалната динамика на педофилите. „[13] Но, доказите за овие теории се засноваат на неемпириски проучувања кои вклучуваат субјективна интерпретација од страна на авторите.

Последниот фактор е дезинхибицијата, односно фактор кој и овозможува на индивидуата да ги надмине интерните и социјалните инхибиции и да ја стори сексуалната злоупотреба на дете. Теориите кои спаѓаат во оваа категорија нагласуваат дека многу педофили вообичаено имаат слаба контрола врз импулсот во многу области од нивниот живот. Овие теории пак се фокусираат на однесувањето и претпоставуваат дека сексуалната привлечност директно го мотивира слабо контролираниот импулс за педофилно однесување.

---

[12] Finkelhor, David; Sharon Araji (1986). *A Sourcebook on Child Sexual Abuse: Sourcebook on Child Sexual Abuse*. Sage Publications. p. 90.
[13] Gillespie, 1964; Hammer & Gluek, 1957

# 5. Причини за педофилијата

## 1.1 Биолошки фактори

Во минатото за биолошките фактори немало многу информации како фактори кои влијаат врз појава на педофилијата, но од 2002 година наваму педофилијата била поврзана со структурата и функцијата на мозокот на педофилот, при што педофилите имаат "понизок коефициент на интелегенција"[14], послаби резултати на тестови за меморија, поголеми стапки на неуспех во образовните институции. Исто така постои поголема веројатност да педофилот претрптел повреди на главата во детството кои што резултирале со несвест, и „истакнати разлики во мозочните скструктури "[15]. Всушност педофилите имаат една мозочна структура, а оние кои не се педофили друга мозочна структура.

Постојат и повеќе невролошки карактеристики присутни на раѓање кои предизвикуваат или пак ја зголемуваат веројатноста за појава на педофилијата. Додека за „семејната преносливост "[16] како генетски фактор одговорен за развој на педофилијата сеуште не постојат цврсти докази дека тие се причинители за појава на оваа социопатолошка појава. Според Функционална магнетна резонанца (ФМРИ) се смета дека детските злоставувачи со дијагностицирана педофилија имаат намалена активност на хипоталамусот, споредено со оние кои што не се педофили, сето тоа направено по пат на гледање на сексуални слики.

Подоцна во 2008 година, според определени медицински истражувања, поточно студијата за "функционална невровизуелизација" со која што се забележува дека централниот процес на сексуалниот стимул во хетеросексуална „педофилска форензичка нетрпеливост" може да биде заменето со нарушувања во

---

[14] Cantor, J. M., Blanchard, R., Robichaud, L. K., & Christensen, B. K. (2005). Quantitative reanalysis of aggregate data on IQ in sexual offenders. *Psychological Bulletin, 131,* 555–568

[15] Cantor, J. M., Kabani, N., Christensen, B. K., Zipursky, R. B., Barbaree, H. E., Dickey, R., Klassen, P. E., Mikulis, D. J., Kuban, M. E., Blak, T., Richards, B. A., Hanratty, M. K., & Blanchard, R. (2008). Cerebral white matter deficiencies in pedophilic men. *Journal of Psychiatric Research, 42,* 167–183.

[16] Gaffney GR, Lurie SF, Berlin FS (September 1984). "Is there familial transmission of pedophilia?". *J. Nerv. Ment. Dis.* **172** (9): 546–8.

претфронталната мрежа кое што би можело да биде поврзано со однесувањето контролирано од стимулите, какви што се сексуалните компулсивни однесувања. Исто така овие истражувања сугерираат "дисфункција на когнитивното рамниште за процесирање на сексуалното задоволство ".[17]

### 1.2 Невро-хормонални објаснувања

"Невро-хормоналните објаснувања, т.е психолошките фактори исто така како и претходните биолошките имаат големо влијание врз педофилијата. Неколку истражувања даваат поврзување, алка помеѓу педофилијата и одредени психолошки карактеристики, во кои што спаѓаат ниско ниво на самопочитување, и сиромашни социјални вештини. "[18]

Со текот на времето со проучувањето на детските сексуални злоставувачи, истите имаат оштетено меѓучовечко функционирање проследено со висока изразена пасивна агресивност. Во однос на дезинхибиторните карактеристики може да се каже дека педофилите покажуваат голема склоност кон когнитивни нарушувања, и нивните патолошки педофилни црти ја подржуваат сликата, хипотезата дека педофилијата како социопатолошка појава е поврзана со обата мотиви за, и неуспехот да го "инхибираат педофилското однесување"[19]. Од психолошките карактеристики Кај педофилите постои и „затвореност" тие се затворени во себе, слабо комуницираат, имаат високо ниво на „Psychoticism„ и „Neurotocism„ , истите се многу интровертни, која пто интровертност произлегува од нивната изолација.

Исто така педофилите употребуваат когнитивни нарушувања за да ги задоволат своите потреби, и истите ги редефинираат како изјавување љубов према жртвата, измислуваат најразлични изговори, искористувајќи ја нерамнотежата на моќта која што е својствена за односот помеѓу возрасен и дете. Определени истражувања пак кои се вршат во корелација со „психопатологијата" би требало да ги земаме со резерва

[17] Schiffer B, Paul T, Gizewski E, *et al.* (May 2008). "Functional brain correlates of heterosexual paedophilia". *Neuroimage* **41** (1): 80–91

[18] Emmers-Sommer, T. M., Allen, M., Bourhis, J., Sahlstein, E., Laskowski, K., Falato, W. L., et al. (2004). A meta-analysis of the relationship between social skills and sexual offenders. *Communication Reports, 17,* 1–10.

[19] Cohen LJ, McGeoch PG, Watras-Gans S, *et al.* (October 2002). "Personality impairment in male pedophiles" (PDF). *J Clin Psychiatry* **63** (10): 912–9

затоа што постои конфузија помеѓу педофилите и сексуалните детски злоставувачи. Педофилите исто така имале извршувано и некои кривични дела.

### 1.3 Општеството како фактор

Општествените услови како на микро така и на микро поле секогаш се јавуваат како еден од главните фактори и причинители на одредени социо-патолошки случувања. Па, токму поради тоа и во етиологијата на педофилијата општеството ќе завземе едно од централните места како етиолошки аспект.

Педофилијата постоела во минатото според определени податоци од историски поедини збиднувања, постои и денес како инкриминирано поведение во современите општества, а како што можевме да видиме ќе се провлекува и во иднината и тоа со се поголем и поголем интензитет. Влијанието на општествените услови има големо значење во однос на евентуално педофилско поведение на одреден поединец.

Определени податоци говорат дека сиромаштијата и општествата во кои што владеат тешки економски и социјални услови се главен причинител за појава на криминал и криминални поведенија, па токму и педофилијата неретко ја среќаваме во предели каде владее понизок степен на цивилизација и едуцираност и во области каде што владее висок степен на сиромаштија. Причината за ваквата појава во ваквите општествени услови е истоветна како и кај другите криминални престапнички и аморални поведенија.

Но, она што загрижува и што го прави покомплициран етиолошкиот аспект на определување на педофилијата е што истата се среќава со се поголем интензитет и во високо развиените општества, а особено кај поединците кои што ијмаат висок општествен и економски статус. Се поставува прашањето кои се факторите кои влијаат кај ваквата категорија на општествени услови? Објаснувањето во однос на овој аспект некои автори ја определуваат како резултат на либерализацијата на општествените услови на живеење, некои на пренагласеноста во животните навики, а некои во однос на потребата од екпериментирање во животната ситуација.

Нема да се приврзам кон ниедно од овие толкувања бидејќи станува збор за исклучително слабо истражено етиолошко подрачје но сепак ќе аргументирам дека поединецот според мое мислење е поизразит фактор во однос на делувањето како

педофил, додека општествените прилики се само додатоци и стимуланси во однос на ваквите состојби. Токму поради тоа премногу дискутабилно и диаметрално спротивно се одвиваат феноменолошките карактеристики во однос на општеството како фактор на педофилијата.

### 1.4 Семејството како фактор

Социологијата не поучува дека семејството е првиот и главниот фактор во воспитувањето и поведението на човекот. Затоа педофилијата многу зависи од семејството и семејните прилики имајќи во предвид дека најголем број на педофилни делувања се пројавуваат како резултат на нарушени семејни прилики.

Нарушените семејни односи, семејното насилство, разводот, конфликтните ситуации, сексуалното оддалечување на брачните другари, преголемата или премалата љубов према децата се само дел од причинителите за појава на педофилијата и педофилните делувања а кои можеме да ги определиме како фактори кои што произлегуваат од семејството. Искуствата во реалноста ни даваат голема фактографија која се однесува на ваквите состојби како фактори за појава на педофилијата.

Нарушените семејни односи, конфликтните состојби, разводот, се состојби кои биле карактеристични за голем број на осуденици и обвинети за педофилија. Таквата состојба влијае психолошки врз личноста за вакви негативни активности кои создаваат фрустрации, компекси психопатолошки состојби кои лесно се рефлектираат во акт на педофилија. Многу автори лошиот сексуален живот на брачните другари, сексуалната импотентност или спротивно пренагласената сексуална желба ја определуваат како состојба број еден карактеристична за педофилите. Ова би го објасниле со самото тоа што педофилијата е акт на сексуален деликт и многу такви хормонални и полови девијации и деструкции можат да влијаат врз ваквото пројавување кое нешто беше објаснето и кај биолошките фактори. Искуствата говорат дека осудениците педофили често пати се бранат на полето дека сето тоа е само љубов према децата и преголемата желба да ги „заштитуваат “и „разгалуваат “, кое нешто се пројавува и како психолошки фактор на психосоматско заболување односно фантазија во личноста на педофилот дека со сексуалниот акт врз детето му подарува љубов. Ваквите анализи се

доволни да потврдат дека семејството има низа на карактеристики кои можат да доведат до педофилијата.

# ГЛАВА II

# Педофилијата во Република Северна Македонија

### 1.Инкриминраност на педофилијата во казненото законодавство

Педофилијата и нејзината инкриминираност во нашето казнено законодавство, сите појави кои што се поврзани со неа, санкциите, и другите пропратни елементи со кои е регулирана истата би ги прикажал низ еден компаративен преглед од ФНРЈ, па до денеска.

Кривичниот Законик од **1951** година е прва кодификација на Казненото право на поранешна ФНРЈ. Во овој кривичен законик во глава XVI во кривични дела против достоинството на личноста и моралот предвидена е инкриминација во чл. 181 од истиот закон со наслов „Обљуба и противприроден блуд со малолетно лице„ која гласи:

„ 1. Тој кој што ќе изврши обљуба или противправен блуд со малолетно лице кое не навршило 14 години ќе се казни со казна затвор од најмалку шест месеци или строг затвор до пет години.„

„ 2. Тој којшто делото од став 1 на овој член ќе го иврши врз немоќно малолетно лице кое не навршило 14 години или со употреба на сила или закана дека непосредно ќе наоадне врз неговиот живот и тело ќе се казни со строг затвор до 15 години.„

„3. Ако со делата од ст. 1 и ст. 2 од овој член настапи тешка телесна повреда или смрт на малолетното лице, чинителот ќе се казни со строг затвор од најмалку пет години.„ [20]

Во овој член доаѓа до израз посебната грижа за полниот живот на малолетните лица и тоа малолетни лица кои не навршиле 14 години во време кога е извршено кривичното дело. Како извршител на ова кривично дело може да се јави било кое

[20] Таховиќ, Д-р. Јанко Д, Коментар Кривичног Законика, 1957 Белград, стр. 400

лице. Објект на дејствие кај ова кривично дело е обљубата извршена над малолетното лице кое не навршило 14 години и тоа не само кога постојат елементите од кривичното дело силување, и искористување на немоќта на жртвата туку, дејствие извршено под било кои околности. Објект на заштита на кривичното дело не се само женски туку и машки лица.

Воедно кога од страна на извршителот на кривичното дело е извршено само некое блудно дејствие врз жртвата која не навршила 14 години, тогаш се применувала одредбата од чл.181 од КЗ на ФНРЈ. За ова кривично дело во ст.1 предвидена е казна затвор најмалку шест месеца, или строг затвор до пет години. Во ст. 2 од чл.181 како квалификаторен елемент се предвидува извршено дејствие на обљуба или противприроден блуд над немоќно малолетно лице, употребата на сила или закана, и предвидена е построга казна од 15 години строг затвор.

Како квалификаторен елемент во ст.3 е настапувањето на тешка телесна повреда кај жртвата или смрт кај малолетното лице и за истото е предвидена казна затвор од најмалку пет години.

Со кривичниот закон на СФРЈ од **1977** година а објавен во службен лист СФРЈ бр.44 од 08.10.1976, регулирани се општите правила на КЗ, како и општите кривични дела за цела територија на СФРЈ, а посбените одредби за посебните кривични дела се регулирани со КЗ на СРМ. Така во глава XI во Кривичните дела против достоинството предвидена е инкриминација во чл.97 со наслов „Обљуба или противприроден блуд со малолетно лице„[21] кое што гласи :

1. „Тој што ќе изврши обљуба или противприроден блуд со малолетно лице кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. „
2. „Тој што делото од ст.1 на овој член го изврши врз немоќно малолетно лице кое не наполнило 14 години или со употреба на сила или со закана дека непосредно ќе нападне на животот или телото, ќе се казни со затвор од најмалку три години. „
3. „Ако поради делото од ст.1 и ст.2 на овој член настапила тешка телесна повреда или смрт на малолетно лице, или делото е сторено од повеќе лица или на

[21] Збирка Кривичних Закона, КЗ на СФРЈ , Јуни 1977,чл.97, стр.211

особено суров или понижувачки начин или во друг особено тежок случај, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години. „[22]

Ставот 1 е регулиран на идентичен начин на инкриминација со КЗ на ФНРЈ- чл.181, а пак единствено постои разлика во пропишаната казна со тоа што кај едниот е строг затвор, а со овој закон е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години.

Исто така и ст.2 е идентичен, но казната е различна, со тоа што со овој закон е пропишана казна затвор најмалку три години. Додека во ст.3 покрај покрај квалификаторните елемнти тешка телесна повреда или смрт на малолетното лице, се пропишуваат дополнителни квалификаторни елементи и тоа: ако делото е сторено од повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или во друг особено тежок случај. Предвидена е казна затвор од најмалку пет години.

Кривичниот закон на СРМ од **1988** година ова кривично дело го инкриминира во глава XI во групата на кривични дела против достоинството на личноста и моралот и тоа во чл.97 со наслов „Обљуба или противприроден блуд со малолетно лице„[23] кое гласи :

1. „Тој што ќе изврши обљуба или противправен блуд со малолетно лице кое не навршило четиринаесет години, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
2. Тој што делото од ст.1 на овој член го изврши врз немоќно малолетно лице кое не наполнило четиринаесет години или со употреба на сила или со закана дека непосредно ќе нападне на животот или телото, ќе се казни со затвор од најмалку три години.
3. Ако поради делото од ст.1 и 2 на овој член настапила тешка телесна повреда или смрт на малолетното лице, или делото е сторено од повеќе лица или на

[22] Збирка Кривичних Закона, КЗ на СФРЈ , Јуни 1977,чл.97, стр.211
[23] Кривичен Закон на Социјалистичка Република Македонија, Скопје 1988,чл.97, стр.191

особено суров или понижувачки начин или во друг особено тежок случај сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години.“[24]

Сите три става на ова кривично дело имаат иста инкриминација и иста за стореното кривично дело со инкриминацијата на КЗ од СРМ од 1977 година. Овој Закон ќе остане основен извор на Македонското Казнено право и по распадот на Југословенската Федерација и осамостојувањето на Република Македонија како независна држава, со тоа што врз основа на решението на Уставот на РМ и уставниот Закон за спроведување на уставот од 1991 година КЗ на СФРЈ во 1992 година е превземен како Републички Закон и преименуван во Кривичен Закон на Република Македонија- општ и посебен дел. Овој Закон заедно со КЗ на РМ се применува се до 1 Ноември 1996 година.

Со Кривичниот Закон на РМ од **1992** година објавен во Службен весник на РМ бр.25/92 од 20.04.1992, во глава XI со наслов Кривични дела против достоинството на личноста и моралот во чл.97, на идентичен начин е инркиминирано кривичното дело „Обљуба или противприроден блуд со малолетно лице „ и предвидена е иста казна за трите става, со КЗ од 1988 година. Единствено постои разлика што во ставот 3 како квалификаторен елемент е исфрлена околноста „или во друг особено тежок случај„.[25]

Додека Кривичниот Законик донесен на 23.07.1996 година, објавен во Службен весник на РМ бр.37/96 од 29.07.1996 година влезен во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а неговата примена започна од **01.11.1996** година. Со овој Закон во глава IX со наслов Кривични дела против половата слобода и половиот морал, во чл 188 пропишана е инкриминација „Полов напад врз дете„[26] која гласи:

1. Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

[24] Кривичен Закон на Социјалистичка Република Македонија, Скопје 1988,чл.97, стр.191
[25]Види КЗ на Република Македонија, чл.97, стр.204,1993 година.
[26] Кривичен Закон на РМ, чл.188, стр.98, 1996 година.

2. За силување на дете или за друго полово дејствие врз дете со злоупотреба на неговото душевно заболување, душевна растроеност, немоќ, заостанат душевен развој или друга состојба поради која детето е неспособно за отпор, сторителот ќе се казни со затвор од најмаклу три години.
3. Ако делото од ставовите 1и 2 го изврши наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.
4. Ако поради елата од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда, смрт, или други тешки телесни последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Во овој закон има измени во начинот на инкриминацијата, а имено во ст.1 се инкриминира обљубата или друго полово дејствие врз „Дете“. Како дејствие на извршување се јавува обљубата или друго било кое полово дејствие извршено врз дете. Се предвидува и промена по однос на казнената политика со тоа што се пропишува казна затвор за ст.1 од 6 месеци до 5 години.

Во ст.2 пак се предвидува како дејствие на извршување „силување на дете„ или „друго полово дејствие„ и како квалификаторни елементи злоупотреба на душевно заболување на жртвата, душевната растроеност, немоќ, заостанат душевен развој или друга состојба поради која детето е неспособно за отпор. Во конкретниот случај со овој закон околноста „немоќ“ на малолетното лице за пружање отпор е поблиску определена со конкретно наведување на состојбите кои ја предизвикале немоќта. Предвидената казна е најмалку три години, што значи нема промени во казнената политика.

Со ст.3 се воведува нова инкриминација и тоа по однос на посебното својство на извршител на кривичното дело, па така доколку истото е сторено од страна на наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба се предвидува како квалификаторни елементи, и се предвидува

казна затвор од најмалку пет години. Ставот 3 сега станува ст.4 и казната останува непроменета.

Со Законот за измени и дополнување на КЗ, Службен весник на РМ **19/2004**, кој се применуваше од 08.04.2004 година, инкриминацијата останува иста, но се заострува казнената политика така да за ставот 1 е предвидена казна затвор од една до десет години, за ставот 2 се предвидува казна затвор најмалку четири години, а додека во ставот три и четири казната останува непроменета.

Со реформи на казненото право Службен весник на РМ, бр.114/09 од 2009 година, а кој Кривичен Законик е во примена од **22.03.2010** година, во глава IX со наслов "Кривични дела против половата слобода и половиот морал" во чл.188 се предвидува инкриминација „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години "[27] која гласи:

1. „Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз малолетник кој не наполнил 14 години, ќе се казни со затвор од најмалку осум години.
2. Ако делото од став 1 го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење на семејно насилство, ќе се казни со затвор од најмалку десет години.
3. Со казната од став 2 ќе се казни и тој што делото од став 1 ќе го стори со малолетник кој не наполнил 14 години со злоупотреба на неговото душевно заболување, душевна растроеност, немоќ, заостанат душевен развој или друга состојба поради која е неспособен за отпор.
4. Ако поради делата од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки телесни последици, или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров и понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор."

[27] Кривичен Законик на РМ, чл.188, стр.167, Скопје 2009 година.

5. На сторителот на делото од ставот 2 на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик. [28]

Па така во членот.188 ст. 1 како дејствие на извршување се предвидува обљуба или друго полово дејствие врз малолетник кој не наполнил 14 години. Што значи, во ст.1 постои измена со тоа што зборот „дете“ се заменува со „малолетник кој не наполнил 14 години“. Во ставот 1 пропишана е казна затвор од најмалку осум години.

Ставот 3 од претходниот Кривичен Законик сега станува став 2, и има измени во делот на лицата кои можат да се јават како извршители на кривичното дело. Со ставот 2 од чл.188 на овој Законик како извршител може да се јави : крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење на семејно насилство. Од горенаведеното, се гледа дека има дополнување и проширување на лица извршители на кривичното дело и тоа: крвен сродник во права линија, и брат односно сестра, а како нова квалификаторна околност предвидено е извршување на кривичното дело при „вршење„ на семејно насилство. Како пропишана казна предвидена е казна затвор од најмалку десет години.

Ставот 3 има исти квалификаторни елементи со кривичното дело од Новелата од 2004 година со тоа што направени се измени усогласени со измените од претходнонаведените измени од КЗ. Во случајот предвидена е построга казна и тоа казна затвор од најмалку десет години.

Ставот 4 останува непроменет со тоа што е заострена казнената политика и предвидена е казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор. Со оваа Новела предвиден е и нов став 5 со кој се предвидува дека на сторителот на делото од став 2 на овој член судот покрај казната затвор ќе му изрече и споредна казна- забрана за вршење на професија, дејност или должност под услови од чл.38-б од овој законик. Очигледно е заострување на казнената политика кое нешто се должи на зголемениот број на овој вид на кривични дела на територијата на РСМ, општествената опасност, степенот на кривичната одговорност како и последиците на жртвата.

[28] Кривичен Законик на РМ, чл.188, стр.167, Скопје 2009 година

Најновите и сеопфатни измени во Крвичниот Законик со новелата од **2011 година** каде се направени измени во кривичниот законикот во други сегменти на Крвичниот Законик, но нас не интересираат измените во направени подоцна во новелата од **2014** година која е објавена во Службен Весник Бр.07-650/1 на 03.02.2014 година и сеуште се применуваат, каде е интервенирано со повеќе одредби во Општиот и Посебниот дел од Кривичниот Законик, а имаат за цел да се усогласување на домашното законодавство со меѓународните конвенции.

Имаме заострување на казненото гонење на педофилите и се забележуваат промени во Глава XIX во групата на, Кривични дела против половата слобода и половиот морал“ и тоа во член 188 со наслов „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години„[29] кое гласи:

1. „Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор од најмалку 12 години.

2. Ако поради делото од став (1) настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години.

3. На сторителот на делото од ставот (2) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.

Направена е измена во насловот на членот 188 се менува и гласи: „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“. [30]

Па така во членот 188 став 1 зборовите: „малолетник кој не наполнил“ се заменуваат со зборовите: „дете кое не наполнило“ како дејствие на извршување се предвидува обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, постои измена во пропишана минимална казна затвор сега е зголемена на најмалку 12 години со што се врши заострување на казнената политика.

Ставовите 2 и 3 од претходниот Кривичен Законик се избришана.

---

[29] Кривичен Закон на Република Македонија, Скопје 2014,чл.188, стр.86
[30] Кривичен Закон на Република Македонија, Скопје 2014,чл.188, стр.86

Ставовот 5 од претходниот Кривичен Законик се преточени во ставот 3 од овој закон кој има исти квалификаторни елементи со кривичното дело од Новелата од 2010 година со тоа што направени се измени усогласени со измените од претходнонаведените измени од КЗ. Во случајот предвидена е построга казна и тоа казна затвор од најмалку петнаесет години или со доживотен затвор, со што е заострена казнената политика.

Очигледен е трендот на заострување на казнената политика низ годините а кое нешто се должи на зголемениот број на овој вид на кривични дела на територијата на РСМ, општествената опасност, степенот на кривичната одговорност како и последиците на жртвата.

Самото име покажува кои лица можат да бидат жртви на ова кривично дело. Станува збор за лица кои се во физички, интелектуален, емоционален, па и сексуален развој, период во кој овие лица не се во состојба да развијат и да возвратат подлабоки емоции со некое друго лице и како резултат на нивната возраст не е возможно да го разберат вистинското значење на сексуалните односи.

Последиците од ова дело се огромни и катастрофално тешки за децата, односно, оставаат длабоки трауми во нивниот понатамошен развој и живот. Токму поради специфичноста на лицата кои можат да бидат жртви на ова дело законодавецот во секоја држава посветува посебно внимание изразено преку посебни одредби, во некои земји дури постојат и посебни закони – Закон за педофилија, и особено строги казни за сторителите со цел нивна заштита и намалување на овој вид криминал.

## Медицинско-Фармаколошко Лекување

***Поим***

Реформата на националното материјално казнено право која во последниве неколку години се одвиваше со нагласена динамика, резултираше со нови и суштински корекции во регистарот на безбедносни мерки. Следуваше тенденција на поострување на казненоправниот третман на педофилите и воведува нова т.н. „терапевтска мерка“ односно „медицинско-фармаколошко лекување“.

Република Северна Македонија е прва и единствена земја во регионот каде што е воведена хемиска кастрација за лицата осудени за делото полов напад врз дете до 14 години, но оставаме на времето да покаже како истата ќе се одрази врз бројот на сторители на овие кривични дела. Со воведувањето на ваквата реформа Република Северна Македонија стана водечка држава во регионот кога е во прашање ваквата законска солуција, ваквите медицински мерки, пред се облици на кастрација кои се прифатени во повеќе држави и тоа Данска, Чешка, Франција, Полска, Естонија, Јужна Кореја, Аргентина, Русија, Израел, Велика Британија, САД, Молдавија, Индонезија и Германија.

Оваа мерка уште е наречена уште ,,Хемиска кастрација“ се состои во периодично давање, медикаменти, најчесто во облик на инјекции, со кои се потиснува сексуалниот нагон. Во одделни законодавства е воведена како санкција како на пример САД, Молдавија, Естонија, Полска додека пак во Германија, Велика Британија и други држави се користи како медицинска терапија за лекување на сторители на сексуални дела со нивна согласност.

Новата мерка на безбедност која е образложена во новиот член од КЗ, поточно членот 65-а, истиот гласи:

„(1) На сторител на кривично дело полов напад врз дете до 14 години кога постои опасност и натаму да врши такви дела судот може да му изрече мерка на медицинско-фармаколошко лекување.

(2) Ако за делото е пропишана казна доживотен затвор судот може на сторителот да му изрече казна затвор од 40 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(3) Ако за делото е пропишана долготрајна казна затвор од 40 години судот може на сторителот да му изречече казна затвор од 20 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(4) Ако за делото е пропишана казна затвор од 20 години судот може на сторителот да му ја изречече минималната казна затвор пропишана за кривичното дело ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(5) Мерката од ставот (1) на овој член се извршува на слобода во специјализирани медицински установи по издржување на казната затвор, а надзорот на извршувањето на мерката го спроведува Управата за извршување на санкции. Управата за извршување на санкциите најмалку еднаш на шест месеци го известува судот за извршувањето на мерката од ставот (1) на овој член и за потребата од нејзиното продолжување или прекинување.

(6) Ако сторителот во случаите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не се подложи на мерката медицинско-фармаколошко лекување или самоволно го напушти лекувањето судот може да определи мерката присилно да се изврши во здравствена или друга специјализирана установа.

(7) По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) на овој член судот и без согласност на строителот задолжително ќе му ја изрече мерката од ставот (1) на овој член ако

сторителот делото го сторил во поврат. Мерката медицинскофармаколошко лекување ќе трае до крајот на животот на сторителот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(8) Начинот на извршувањето на мерката медицинско-фармаколошко лекување поблиску се уредува со Законот за извршување на санкции.“[31]

Може да се заклучи дека оваа мерка нема да се спроведува ретроактивно врз веќе осудените злоставувачи на деца. Станува збор за мерка која се извршува во специјализирани медицински установи, по издржување на казната затвор, и истата подразбира вбризгување инекција во телото на сторителот, на секои шест месеци, чие дејство треба да го намали либидото и потребата да се задоволат страстите и нагоните преку сексуален однос со деца.

***Оправдување на мерката***

Оправданоста на оваа мерка секогаш се доведува до прашање и тоа од повеќе аспекти: Дали таа воопшто е ефикасна во спречување на сексуалното насилство, особено спрема децата?

Дали е хумана и дали не претставува повреда на човековото достоинство и основните права, пред се на уставно загарантирано право на неповредливост на физичкиот и психичкиот интегритет на осудениот?

Покрај етичкиот аспект скепсата на оваа мерка се јавува во аргументите кои ни ги дава медицината, од тие дека не секогаш здравствените проблеми што таа може да ги предизвика самата хормонална терапија како на пример слабеење на имунитетот, компликации при постоење на хронични болести, оштетување на коските и тн. Колку и да се зборува дека овој метод може да биде ефикасен, независно од обликот во кој се манифестира (хируршка или хемиска), овој метод подлежи на остри критики особено дека го доведува во прашање почитувањето на основните човекови права како и забраната за мачење, нечовечно и понижувачко постапување и казнување.

Стразбуршкото право хемиската кастрација ја оспорува и од аспект на остварување на правото на почитување на приватниот и семејниот живот и правото на семејство, вклучително и на забраната за дискриминација.[32]

[31] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик, Службен весник бр.27/14

Сите аргументи меѓутоа се покажуваат како преслаби за да ги смират реакциите на јавноста во однос на зачестените случаи на полови насилства врз децата до четиринаесет годишна возраст, но сепак ставот дека по секоја цена треба да се спречат осудените на таквото дело да го повторат на ист или сличен начин може да служи условно кажано како ,,нужна одбрана“ на децата бил пресуден кај експертите при воведување на оваа санкција во измените на Кривичниот законик.

Спротивните аргументи односно против воведувањето на оваа мерка може да се неутрализира како основен принцип, да се прифати врзувањето на нејзината примена за јасно изразената согласнот на сторителот да биде подложен на ваквата мерка што од друга страна се прави порамнување на двете страни меѓу сторителот и државата. Поставувањето на ваквиот услов со претпоставена негова волја со ставањето во изглед поблага казна затвор, да биде излекуван од патолошкиот нагон кој го турка во извршување односно повторување на такви тешки дела. Решението на оваа одредба поаѓа од принципот на доброволност, но тој е дезавуиран во ставовите 6 и 7 од членот 65-а, во случаевите кога е предвидено присилно извршување на мерката без согласност на сторителот, токму во тие случачеви мерката се ,,трансформира“ во дополнителна казна, со што тука се доведува до прашање нејзината оправданост и наметнува потреба од барање на можни други законски решенија како казнување со затвор за посебно казнено дело што се состои во прекршување на доброволната превземената обврска за лекување и слично.

***Услови за изрекување***

Самото изрекување на оваа безбедносна мерка може да биде задолжителна или алтернативна - по избор на осуденото лице, задолжително медицинско-фармаколошко лекување, покрај казната затвор, се предвидува за повратниците т.е лицата кои по одлежување на казната повторно ќе го извршат ова дело.

Мерката се изрекува на сторител на кривичното дело полов напад врз дете до 14 години во сoгланост со членот 188 од КЗ, односно на сторител кој е пресметлив и виновен за стореното дело, по исклучок оваа мерка не се применува на лице кое не е пресметливо.

[32] Новата мерка на безбедност во КЗ на Р.М ,, фармаколошко-медицинско лекување – нејзиниот контекст и импликации” – др. Никола Тупанчевски, м-р Драгана кипријаноска.

Изрекувањето на мерката претпоставува утврдување на другиот основен услов а тоа е постоењето на опасност сторителот да врши такви дела, а кое нешто судот го утврдува со помош на вештачење. Оваа мерка не може да се изрекува и за другите дела со полово насилство како на пример Задоволување на полови страсти пред дете до 14 години по член 190 став 2 или Детска проституција по член 191-а став 3.

Согласносна на сторителот е основен услов за изрекување на оваа снакција, ако тој е согласен на ваквата санкција, за делото кое е пропишана казна доживотен затвор, судот може да му изрече казна затвор на сторителот од 40 години, ако е пропишана долготрајна казна затвор од 40 години, судот може да изрече казна затвор од 20 години, ако е пропишана казна затвор од 20 години, судот може да изрече минимална казна затвор за тоа дело. Согласноста не се однесува само на изрекувањето на мерката туку и на траењето на лекувањето до крајот на неговиот живот или до времето кое според оцена на судот е тоа потребно. Времетраењето на ваквиот третман, и кај задолжителното и кај доброволното применување, зависи од одлуката на судот која се донесува врз основа на тоа дали постои или не постои напредок кај лицето.

Во некои сиутации ваквиот медицинско-фармаколошки третман може да се применува доживотно (чл.65-а од КЗ).

Од согласноста на сторителот да се подложи на лекување, законот предвидува два исклучока, првиот е кога и покрај тоа што е согласен не се подложи на лекување или самоволно го напушти лекувањето. Со оглед на тоа што мерката се извршува на слобода по издржување на изречената казна, неподложувањето на лекување или самоволното напуштање може да се случи кога било, до крајот на неговиот живот. Во тој случај судот може да определи таа присилно да се извршува во здравствена или друга специјализирана установа. Ова законско решение е тешко спроведливо во практиката, затоа што претпоставува од една страна постоење на систем на целоживотно следење на осудениот и неговиот медицински третман а од друга страна е сврзано постоење на ефикасни средства за присилно извршуива на мерката која се состои во периодично инјектирање на медикаменти.

***Извршување***

Во одредбата од чл. 257-а законодавецот пропишува дека извршувањето на оваа мерка ќе се врши во специјализирани медицински установи, а установите и начинот на извршување на мерката ќе бидат пропишани со упатство, од страна на министерот за здравство. Во продолжение е стимулирана обврска за казнено поправните установи, веднаш по започнувањето на издржувањето на затворската казна, да ја достават судската одлука со која на осуденото лице му е изречена оваа мерка до Управата за извршување на санкциите која пак, натаму ја доставува на извршување до специјализираната медицинска установа пред да отпочне подготвителниот период за отпуст на осудениот, заради испитување и негова подготовка за извршување на мерката.

По однос пак, на моментот на започнување со извршувањето на мерката, законските решенија следат определба согласно која мерката ќе започне да се извршува по издржувањето на казната затвор (чл. 257-б ст. 3). Начинот на доставување на податоците до Управата за извршување на санкциите од страна на казнено поправните установ за лицата на кои им е изречена оваа мерка поблиску се пропишува со акт кој го донесува министерот за правда (в. ст. 4 од истиот член).

Самиот медицински третман може да се одложи во две ситуации и тоа доколку лицето е на болничко лекување - се до завршувањето на лекувањето или во случај на смрт на член од потесното семејство - три дена по смртта.

Во рок од три дена од денот кога бил закажан третманот лицето мора да се јави во специјализираната установа и да го оправда своето отсуство. Доколку не го оправда своето отсуство или не постои оправдана причина се известува судот кој може да издаде наредба за присилно приведување на лицето.

## Посебен Регистар за осудени лица

Главната цел и примена на овој регистар е ,,обезбедување на заштита на децата од сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетни лица преку достапност на информации за лицата кои живеат во нивната околина, а се осудени за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба на малолетни лица, педофилија и трговија со малолетно лице"[33]

Министерството за труд и социјална политика, преку ЈУ за социјални дејности, врши постојано внесување, ажурирање како и промена на податоците во Регистарот. Јавното изнесување на осудените лица се однесува за таксативно наведени кривични дела, односно тука влегуваат лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал, а притоа се сторени против деца. Податоците за сторителите на овие дела се јавни и со нивна помош се овозможува секој граѓанин да има пристап до одредени информации кои се одобрени со овој закон. Поточно секој граѓанин може да го дознае ликот на сторителот преку објавената фотографија, името и презимето на сторителот, неговиот датум на раѓање, адреса на живеење или неговото престојувалиште, делото за кое е правосилно осуден, висината на казната, датумот на започнување на издржување на казната, датумот на нејзино прекинување, евентуалните промени во текот на издржувањето на казната, датумот на отпуштање и бришењето од регистарот.[34]

Податоците за жртвите се строго доверливи и истите не смеат да бидат јавно искажани. Доколку некое лице ги злоупотреби овие податоци со цел да изврши

[33] Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, чл.2
[34] Ibid, чл.2

заплашување, заканување, вознемирување на овие лица или на нивните семејства следува парична казна или затвор до шест месеци.[35]

Место на живеење или престојување постои должност за пријавување на овие промени кај надлежниот судски орган. Доколку, по истекот на казната, од страна на граѓанин или службено лице, некое од овие лица биде забележано, често, во близина на места каде што има голем број на малолетни лица (градинки, училишта, игротеки, паркови, игралишта...) истите се должни веднаш да пријават. По извршеното пријавување, Министерството за внатрешни работи усно го опоменува лицето за неговото присуство на овие места и доколку повторно се појави на тие места, согласно законот, истото може да се казни со парична казна или казна затвор до една година (чл.9).

Осуденото лице за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетно лице, согласно чл.10 од законот, има право да поднесе барање до надлежниот суд за изземање од јавно објавување на неговите податоци во Регистарот. Постапката за одобрување на ваквото барање зависи од состојбата на осуденото лице, неговата подобност за јавно изземање како и од волјата на ова лице за исполнување на условот во рок од десет години од истекот на казната да не го изврши истото дело или некое друго дело наведено во чл.3. Одлуката за изземање за јавно објавување на податоците не подразбира и престанок за пријавување кај надлежниот судија до крајот на неговиот живот (чл. 10 и 11).

Ресоцијализација е една од целите на казната затвор со која треба да му се овозможи на осуденото лице по издржувањето на казната лесно да се вклопи во општеството, односно да се врати во општеството како корисно битие кое ќе може да води самостоен живот во согласност со законот. Кон ова се приклучува и превенцијата која подразбира од една страна одвраќање на сторителот повторно да го изврши делото, а од друга страна подразбира подучување на останатите луѓе во општеството дека доколку направат нешто што е казниво со закон следува казна која во себе содржи одземање на слободата.[36]

---

[35] Закон за посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, Службен весник бр.11/12, чл.12

[36] Брмбеска Е., Целта на казната затвор - помеѓу теорија и пракса, април 19, 2016 година, достапно на:

Целите на казнувањето во праксата на речиси повеќето држави, ретко се исполнуваат во целост, односно голем е бројот на лицата кои по издржување на казната затвор повторно го прекршуваат законот и извршуваат дела кои се казниви со закон. Кон ваквиот неуспех најчесто придонесуваат лошите услови во установите во кои се врши одлежувањето на казната како и осудата од општеството спрема овие лица.

Оваа мерка сметаме дека придонесува кон неисполнување на горенаведените цели од казната затвор и го отежнува повторното вклучување на овие лица во општеството. Со тоа што едно лице веќе е осудено на казна затвор и истото ја одлежало казната сметаме дека тука завршува неговата казна и ова лице излегува како слободен човек кој условно кажано треба да започне нов живот во општеството.

Со ваквото јавно се овозможува во одредени ситуации истите да бидат отфрлени или избегнувани од одреден круг на луѓе, институции или од општеството во целина, но со нивното јавно обележување се загрозува и нивниот интегритет и сигурност во општеството како лично тие така и нивното семејство.

Со јавното објавување како овие лица би продолжиле со својот живот кога целата јавност е запознаена со нивниот лик, адреса, име..? Кој би можел да ја гарантира нивната сигурност по излегување од затвор? Како би се одразило ова објавување врз неговото семејство и нивните животи?

---

http://www.makdenes.org/content/article/27296879.html

## Случаи на Педофилија во Основен суд Тетово

Според јавните податоци објавени на судскиот портал на Република Северна Македонија во Основен суд Тетово воедни се два предмети поврзани со Кривично дело „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“ од чл.188 ст.1 Кривичниот законик и се донесени осудителни пресуди со број К-259/17 од 10.10.2017 и К-460/18 21.01.2019 година.

**Случај К-259/17**

Во овој предмет обвинетиот Во временскиот период од 2015 година па до 2017 година во Тетово во семејната куќа, а искористувајки исти прилики ,при вршење на семејно насилство и друго полови дејствије како татко ,врз децата И.И. родено 2006 година и К.И. родено 2008 година кои не наполниле 14 години ,и злоупотребувајки ја својата службена положба како очув и врз децата Р.И. родена 2001 година и Б И родена 2002 година,кои наполниле 14 години,на понижувачки начин, на начин што оштетената Н неговата невенчана сопруга која живеела со истиот во вонбрачна заедница од 2005 година во кој брак влегла со две малолетни деца и тоа Р. и Б. а со обвинетиот родила уште 2 деца И. и К. Истата физички ја малтретирал,а истовремено во континуитет во наведениот период пред децата во собата го вадел половиот орган, го фаќал со рака и маструбирал при што на детето Ри велел „дојди седни ми на курот ке те направам жена “ а последните две години на детето Р. и ги допирал надколениците,ја фаќал за гради и за задникот додека детето Б. ја допирал за надколениците и истиот им влегувал додека тие биле во тоалет викајќи им чекајте да ви го видам половиот орган, додека на детето И. Му ставал рака во гачички и силно му

го стегал половиот орган нанесувајки му болка,а исто така машките деца И и К ги легнувал на под легнувајки над нив и задоволувајки го својот сексуален нагон.

Обвинетиот бил осуден за две кривчни дела и тоа за Крвично дело „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“ по чл.188 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ казна затвор во траење од по 15-петнаесет години, и за секое кривично дело „Обљуба со злоупотреба на положбата“ по чл.189 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ казна затвор во траење од по 10-десет години, по што во согласност со Член 44 од Кривичен законик е осуден на единствена казна затвор во траење од 20 години.

По донесувањето на ваквата пресуда од страна на првостепениот суд, поднесена е жалба од страна на обвинетиот, но пресудата била потврдена од страна на Апелационен суд Гостивар со што првостепената Пресуда станала правосилна и извршна.

**Случај К-460/18**

Во овој предмет обвинетиот половиот напад го сторил врз дете на 10 годишна возраст, на начин што откако ја забележал малолетната како се движи по слободниот простор помеѓу згради, истиот се сокрил под балкон од првиот спрат, па кога детето се доближило тој излегол, ја фатил за десната рака силно, ја повлекол под балконот за да не го забележат случајни минувачи, а потоа со ножот што го држел со својата десна рака и нанел посекотина во пределот на зглобот од левата рака а потоа и во пределот на левата подколеница од внатрешната страна а кога се обидел да ја соблече подигнувајќи и ја маицата и нанел две мали огреботини во пределот на стомакот и околу 20-30 убоди во пределот на стомакот, при што почнал да ја фаќа за градите а за цело време и се заканувал дека ќе ја убие неа и таткото ако вика, а детето за цело време плачело, а потоа раката и ја ставил во гаќите во половиот орган и ја пипнал по половиот орган и по задникот и во моментот детето го удрило со клоца во пределот помеѓу нозете, по што избегал, а детето почнало силно да бара помош,

тогаш ја слушнале нејзините другарки кои отишле и го известиле нејзиниот татко, па кога истиот слегол на местото го однеле девојчињата, ја затекол својата ќерка седната на валкана бетонска подлога скоро во бесвесна состојба.

По донесувањето на ваквата пресуда од страна на првостепениот суд, поднесена е жалба од страна на обвинетиот, но пресудата била потврдена од страна на Апелационен суд Гостивар со што првостепената Пресуда станала правосилна и извршна.

## Глава III

## Педофилијата во земјите на Common Law

### *Педофилијата во САД*

Во законодавство на Соединети Американски Држави педофилијата е регулирана во Кодексот односно во наслов 18 во поглавјето 109А со наслов на кривичните дела „Сексуална злоупотреба“ а конкретно во заштитата на децата односно на малолетниците во кривичните во членовите: 2241 - Тешка сексуална злоупотреба; 2243 - Сексуална злоупотреба на малолетник или одделение и 2244 - Навредлив сексуален контакт а тие гласат:

***2241 - Тешка сексуална злоупотреба***

(а) Со сила или закана.

– Кој во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Американски Држави или во федерален затвор, или во кој било затвор, институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со шефот на кој било федерален оддел или агенција, свесно предизвикува друго лице да се вклучи во сексуален чин -

(1) со употреба на сила против тоа друго лице; или

(2) со закана или ставање на тоа друго лице во страв дека некое лице ќе биде подложено на смрт, сериозни телесни повреди или киднапирање;

или обиди да се стори тоа, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор на која било казна од години или доживотен, или и двете.

(б) Со други средства.- Секој, во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Американски Држави или во федерален затвор , или во кој било затвор , институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со раководителот на кој било федерален оддел или агенција, свесно -

(1)онесвестува друго лице и со тоа влегува во сексуален чин со тоа друго лице; или

(2) дава на друго лице со сила или закана со сила, или без знаење или дозвола на тоа лице, дрога, опојна или друга слична супстанција и со тоа-

(А)суштински ја нарушува способноста на тоа друго лице да го оценува или контролира однесувањето; и

(Б)се впушта во сексуален чин со тоа друго лице;

или обиди да се стори тоа, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор на која било казна од години или доживотен, или и двете.

(в) Со деца.

- Кој ја преминува границата на државата со намера да изврши сексуален чин со лице кое не наполнило 12 години, или во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите држави или во федерален затвор или во кој било затвор, институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со раководителот на кој било федерален оддел или агенција, свесно се впуштаат во сексуален чин со друго лице кое не наполнило 12 години , или свесно се впушта во сексуален чин под околностите опишани во потточките (а) и (б) со друго лице кое наполнило 12 години, но не наполнило 16 години (и е најмалку 4 години помладо од лицето кое така се ангажира), или ќе се обиде да го стори тоа, ќе се казни со парична казна според овој наслов и ќе се казни со затвор најмалку 30 години или доживотно. Ако обвинетиот претходно бил осуден за друго федерално дело според овој потоддел, или за некоја државапрекршок што би бил прекршок според која било одредба доколку делото се случило во сојузен затвор , освен ако не е изречена смртна казна, обвинетиот ќе биде осуден на доживотен затвор.

(г) Услов за доказ за состојбата на умот.- Во обвинението според потточка (в) од овој дел, Владата не треба да докажува дека обвинетиот знаел дека другото лице кое извршило сексуален чин не наполнило 12 години.

***2243 - Сексуална злоупотреба на малолетник или одделение***

(а) На малолетно лице.

- Кој е во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Американски Држави или во федерален затвор , или во кој било затвор , институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со шефот на кој било федерален оддел или агенција, свесно се впушта во сексуален чин со друго лице кое-

(1)има наполнето 12 години, но не наполнило 16 години; и

(2)е најмалку четири години помлад од личноста која толку се ангажира;

или обиди за тоа, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од 15 години или и двете.

(б) Од Одделението. - Секој, во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Американски Држави или во федерален затвор , или во кој било затвор , институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со шефот на кој било федерален оддел или агенција, свесно се впушта во сексуален чин со друго лице кое е -

(1) во службен притвор ; и

(2) под старателско, надзорно или дисциплинско овластување на лицето кое го ангажира тоа;

или обиди за тоа, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од 15 години или и двете.

(в) Одбрани. -

(1) Во обвинението според потточка (а) од овој дел, одбраната, која обвинетиот мора да ја утврди со преовладување на доказите, е дека обвинетиот разумно верувал дека другото лице наполнило 16 години.

(2)Во обвинението според овој дел, се работи за одбрана, која обвинетиот мора да ја утврди со преовладување на доказите, дека лицата кои учествувале во сексуалниот чин во тоа време биле во брак едни со други.

(г) Услов за доказ за состојбата на умот.- Во гонење според потточка (а) од овој дел, Владата не треба да докажува дека обвинетиот знаел-

(1)возраста на другото лице кое учествува во сексуалниот чин; или

(2)дека потребната разлика во возраста постоела меѓу лицата кои толку се ангажирале.

***2244 - Навредлив сексуален контакт***

(а) Сексуално однесување во околности кога сексуалните дејствија се казнуваат со ова поглавје.- Кој, во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Држави или во федерален затвор , или во кој било затвор , институција или установа во која се чуваат лица во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со раководителот на кој било федерален оддел или агенција, свесно се впушта или предизвикува сексуален контакт со или од друго лице, доколку е така, би прекршило-

(1) подточка (а) или (б) од член 2241 од овој наслов , доколку сексуалниот контакт бил сексуален чин, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од десет години или и двете;

(2) член 2242 од овој наслов доколку сексуалниот контакт бил сексуален чин, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од три години или и двете;

(3) подточка (а) од член 2243 од овој наслов доколку сексуалниот контакт бил сексуален чин, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од две години или и двете;

(4) подточка (б) од член 2243 од овој наслов доколку сексуалниот контакт бил сексуален чин, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од две години или и двете; или

(5) подточка (в) од член 2241 од овој наслов, доколку сексуалниот контакт бил сексуален чин, ќе се казни според овој наслов и ќе се казни со затвор на која било казна од години или доживотно.

(б) Во други околности.-

Кој и да е, во специјалната поморска и територијална јурисдикција на Соединетите Американски Држави или во федерален затвор , или во кој било затвор , институција или установа во која лицата се држат во притвор по насоки или во согласност со договор или договор со шефот на кој било Сојузниот оддел или агенција, свесно се впушта во сексуален контакт со друго лице без дозвола на тоа лице, ќе се казни со парична казна според овој наслов, со затвор не повеќе од две години или и двете.

(в) Прекршоци кои вклучуваат мали деца.-

Ако сексуалниот контакт што го прекршува овој дел (освен потточка (а)(5)) е со поединец кој не наполнил 12 години, максималната казна затвор што може да се изрече за прекршокот ќе биде двојно поголема од поинаку. предвидени во овој дел.[37]

## *Педофилијата во Велика Британија*

Во кривичното законодавство на Велика Британија регулирање на педофилијата и делата поврзани со неа, е регулирано на следниов начин:

**Силување на малолетно дете под 13 годишна возраст**

**1)** Лице го врши ова кривично дело ако:

a. намерно пенетрира во вагината, анусот или устата на друго лице со својот пенис и

b. тоа друго лице е под 13 годишна возраст.

**2)** Лицето виновно за ваквото кривично дело се казнува со доживотна казна затвор.

**Напад врз малолетно дете под 13 годишна возраст преку пенетрација**

**1)** Лице го врши ова кривично дело ако:

[37] Код на САД, Кривични дела https://www.law.cornell.edu/uscode/text/18/part-I/chapter-109A

a. намерно пенетрира во вагината или анусот на друго лице со дел од своето тело или друг предмет,
b. пенетрацијата е сексуална, и
c. тоа друго лице е под 13 годишна возраст.

**2)** Лицето виновно за ваквото кривично дело се казнува со доживотна казна затвор.

**Сексуален напад врз малолетно дете под 13 годишна возраст**

**1)** Лице го врши ова кривично дело ако:

a. истото со намера дпориа друго лице,
b. допирањето е сексуално, и
c. тоа друго лице е под 13 годишна возраст

**2)** Лицето виновно за ова кривично дело подлегнува на:

a. казна затвор од најдолго 6 месеци или парична казна согласно соодветен донесен правилник или двете казнени мерки,
b. по осудување, на казна затвор од најмногу 14 години.

**Поттикнување на малолетник под 13 год. возраст на сексуална активност**

**1)** Лице го врши ова кривично дело ако:

a. намерно поттикнува друго лице (Б) да се ангажира во активност,
b. активноста е сексуална, и
c. Б е под 13 годишна возраст.

**2)** Лицето виновно за ова дело, ако поттикнувањето резултирало или вклучувало:

a. пенетрација на анусот или вагината на Б,
b. пенетрација во устата на Б со пенис на друго лице,
c. пенетрација на анус или вагина на друго лице со дел од телото на Б или од страна на Б со друг предмет, или
d. пенетрација на устата на друго лице со пенисот на Б подлегнува на доживотна казна затвор.

**3)** Се додека се применува подточката (2), лицето виновно за кривично дело под овој став подлегнува на:

a. казна затвор од најдолго 6 месеци или парична казна согласно соодветен донесен правилник или двете казнени мерки,

b. по осудување, на казна затвор од најммногу 14 години.

c.

**Сексуална активност со малолетници**

**1)** Лице кое има 18 години или повеќе (А), го врши делото ако-

a. со намера допира друго лице (Б),

b. допирањето е сексуално, и

c. или:

i. Б е под 16 годишна возраст и А разумно не верува дека Б е на 16 год. возраст или повече, или

ii. Б е под 13 годишна возраст.

**2)** Лицето виновно за ова дело, ако допирањето или вклучувало:

a. пенетрација на анусот или вагината на Б со дел од телото на А или друг предмет,

b. пенетрација на устата на Б со пенисот на А,

c. пенетрација на анусот или вагината на А со дел од телото на Б, или

d. пенетрација на устата на А со пенисот на Б, подлегнува на казна затвор од најмногу 14 години.

**3)** Се додека се применува подточката (2), лицето виновно за кривично дело под овој став подлегнува на:

a. казна затвор од најдолго 6 месеци или парична казна согласно соодветен донесен правилник или двете казнени мерки,

